

# СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ОНИЕ КОИ СЕ ГРИЖЕЛЕ ЗА НАС

НЕГА +
КИСЕЛА ВОДА

**„НЕГА ПЛУС“** е социјално претпријатие основано во рамките на ХЕРА кое обезбедува грижа и нега во домашни услови. Во соработка со Општината Кисела Вода, отсега овие услуги ќе бидат достапни за жителите на територијата на Кисела Вода.

## За каква услуга станува збор и кому му е наменета?

Социјалното претпријатие „Нега Плус-Кисела Вода“ помага во вршењето на секојдневните домашни обврски. Услугите им се наменети на стари и изнемоштени лица кои не можат да се грижат сами за себе и да водат независен живот во заедницата.

**„Нега Плус – Кисела Вода“ помага во:**

- **Основни активности:** помош во одржување лична хигиена и во облекување, помош при користење тоалет, помош при хранење, помош при менување пелени, и
- **Инструментални активности:** помош во одржување на домаќинството, помош при готвење и пазарување, помош при движење надвор од домот, помош при користење медицинска терапија, контрола на крвен притисок и шеќер.

## Како може да ги користите овие услуги?

За да станете корисник на оваа услуга, треба да се обратите кај Вашиот матичен лекар, а потоа со потребната документација во месно надлежниот Центар за социјални работи.

Стручно лице од Центарот ќе направи увид во Вашиот дом и доколку ги исполнувате условите, ќе се запознаете со Вашиот негувател.

## Потребна документација:

- **Барање за користење на услугата** кое може да се подигне во Канцеларијата за подобрување на социјалните услуги во Општина Кисела Вода;
- **Важечка лична карта** за државјани на Република Северна Македонија или дозвола за постојан престој (на увид);
- Потполнет образец **„Индекс Кац на независност во остварување на активностите од секојдневниот живот“** кој ќе го добиете кај матичниот лекар;
- **Отпусно писмо со специјалистички извештај** и/или друга **медицинска документација** и/или наод и мислење за видот и степенот на попреченост за барателот;
- **Изјава** дадена пред нотар или пред службено лице во Центарот за социјални работи дека немате склучено договор за доживотна издршка, и
- **Доказ** дека друго лице од домаќинството не може да ја даде потребната поддршка.

**Доколку имате потреба од дополнителни информации или помош при пријавувањето за користење на услугите, обратете се директно во Канцеларијата за подобрување на социјалните услуги која се наоѓа во просториите на Општина Кисела Вода или на следните телефонски броеви:**

**02/278-5481 и 070 299 026**

КИСЕЛА ВОДА

ХЕРА

НЕГА +

Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

WORLD BANK GROUP